УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

02 Бр. 2/ 31 од 18.2. 2025 год.

Врз основа на член 77, став 1, точка 1 од Статутот на Архитектонскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје ( Универзитетски гласник бр. 473/2019), член 5 и член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), и измените и дополнувањето на Предлог одлуката на Наставно – научниот совет на Факултетот на 1. седница одржана на 16.01.2025 година, Деканатската управа на 2. Седница одржана на 18.2.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Архитектонскиот факултет – Скопје

Член 1

Со оваа Одлука се прецизираат износите од член 5 и се утврдуваат дополнителни надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - Архитектонскиот факултет – Скопје од член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студи (постдипломски студии) на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје:

| Бр. | Назив на услугата | Износ | |
|---|---|---|---|
| 1. | Издавање индекс - продолжение | 1.000 | |
| 2. | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите | 200 | |
| 3. | Издавање уверение за положени испити кога студентот ќе дипломира | 1.000 | |
| 4. | Издавање потврди за статус на студент | 100 | |
| 5. | Издавање потврди по разни основи | 1.000 | |
| 6. | Заверен препис на студиските програми | 3.000 | |
| 7. | Промена на лично име во документ (по документ) | 100 | |
| 8. | Издавање решение по поднесена молба од студенти | 100 | |
| 9. | ИКССА (ИНФОРМАТИВНИ, КУЛТУРНИ, СПОРТСКИ, СТУДЕНТСКИ СЕРВИСИ И ДРУГИ | 750 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **АКТИВНОСТИ НА Универзитет /годишно)** | | |
| 10. | Набавка на on-line ресурси (лиценциран софтвер) за реализација на студиските програми, и трошоци за одржување и користење на центрите за едукација. | 200 | семестар |
| 11. | Набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми | 700 | семестар |
| 12. | Трошоци за изведување на теренска настава. | 1.300 | семестар |
| 13. | Изгубена книга од библиотеката на факултетот | Согласно вредноста на книгата | |

Член 2

На студентите запишани на прв и втор циклус студии, како и на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет – Скопје им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студи (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и согласно оваа Одлука.

Член 3

Согласно оваа Одлука и Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студи (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), престануваат да важат следните одлуки: Одлуката за висината на надоместоците за извршените услуги што ги дава Архитектонскиот факултет на студентите, бр. 02-2/6 од 18.2.2013, Одлуката за висина на финансиски надомест за изведување на теренска настава при запишување на студентите во зимски и летен семестар бр. 02-2/61 од 26.9.2022 година и Одлуката за висината на финансискиот надомест за материјални трошоци при запишување на студентите во зимски и летен семестар бр.02-2/62 од 26.9.2022 .

Член 4

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

Д е к а н,

Проф. д-р Анета Христовска Поповска

Доставено до:

- Архива
- Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"
- Студентска служба
- Сметководство
- Човечки ресурси